**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Шеесет и шестата седница на**

**Собранието на Република Македонија, одржана на**

**15 февруари 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго и Љупчо Анушев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Меѓутоа, тоа е непотребно, имаме веќе 62 пратеници.

Можеме да констатираме дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Треба да ја завршиме точката 39 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи го заклучив претресот, Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласале, од нив 55 гласале за, 5 пратеници гласале воздржано, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 40 - Предлог одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар.

Предлогот на одлуката и Дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 51 пратеник гласале за, 5 пратеници гласале воздржано, 2 пратеници против.

Имаме присутни повеќе од 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар.

Според договорот од вчера, тука е министерот за правда г-динот Џевдет Насуфи, сега треба да поминеме на точката 25.

Дали се согласуваме? (Се согласуваме).

Минуваме на точката 25 - Предлог за донесуваше на закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во РМ за 2001 со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор г-динот Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници, имам чест, како овластен предлагач од името на Владата на Република Македонија да го предложам донесувањето на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година, кој претставува законска основа за спроведување на ова најголемо и најскапо статистичко истражување на Државниот завод за статистика.

Со спроведување на оваа исклучително значајна статистичка акција ќе се добијат целосни и веродостојни податоци за населението, домаќинствата и становите во критичниот момент на пописот по повеќе карактеристики.

Од тој аспект, ви се обраќам со цел накусо да ги образложам значењето и целите за донесување на Законот според кој

ќе се спроведе Пописот во Република Македонија во 2001 година.

Пред се, пописот на населението, домаќинствата и становите (Пописот) е статистичка акција која го опфаќа населението на Република Македонија од аспект на неговите демографски, социјални и економски карактеристики, како и домувањето, а во одредени сегменти и земјоделското земјиште и добиточниот фонд со кои располага населението, која во согласност со Препораките на ОН, редовно се спроведува на секои 10 години. Односно, пописот на населението, домаќинствата и становите претставува вкупен процес на прибирање, обработка, оценка, анализа на податоци за населението во земјата во одредено време.

Населението претставува основа за производството и дистрибуцијата на материјалните добра, односно населението е извор на работна сила и потрошувачи. Со цел да се планира и имплементира економскиот и социјалниот развој, административните активности и научните истражувања, неопходно е да се располага со веродостојни податоци за големината на населението, неговата структура и дистрибуцијата во земјата. Пописот на населението е примарен извор на овие основни стандардни статистички податоци. Податоците од Пописот на населението може да се презентираат и анализираат на статистички начин за лицата, брачните двојки, семејствата и домаќинствата, на повеќе географски нивоа, почнувајќи од земјата како целина, до населено место, но притоа строго водејќи сметка за заштитата на личните и индивидуалните податоци.

Со пописот на становите во градежна смисла се прибираат податоци за големината на становите, опременоста со инсталации и помошни простории. Овие податоци се основа за анализа на условите за живеење. Понатаму, поврзувајќи ги податоците за становите со податоците за домаќинствата, односно со демографските, економските и социјалните податоци за лицата кои живеат во тие станови се добиваат основните податоци за причините за недостиг на станови за живеење што претставува солидна основа за проучување на состојбите и креирање на соодветна станбена политика. Пописите на населението се материја за која и Обединетите нации се непосредно заинтересирани и за која даваат соодветни насоки.

Во оперативните параграфи на Резолуцијата 1995/97 на Социјалниот совет на ОН врз чија основа се изработени Препораките за пописите во рамките на Програмата за Пописот на населението и домувањето во 2000, стои ..."Советот :

1. ги повикува земјите - членки да спроведат попис на населението и домувањето во периодот 1995 - 2004, во согласност со меѓународните и регионалните препораки за попис и да обрнат посебно внимание за навремено планирање на пописот и навремена дисеминација на пописните резултати до сите корисници;

2. ги повикува земјите - членки да продолжат да ги снабдуваат со пописни податоци ОН и другите соодветни меѓувладини организации со што ќе им помогнат во проучувањето на прашањата и програмите за населението, околината и социо - економскиот развој "...

Прибраните податоци од пописот имаат широко поле на употреба во севкупниот социјален и економски развој на секоја земја. Податоците за големината, карактеристиките и распоредот на населението во земјата, се основни за опишување и проценување на економските, социјалните и демографските услови во земјата и за креирање на развојна политика, како и за спроведување и оценка на програмите на полето на образованието и писменоста, вработувањето и работната сила, планирање на семејствата, станбено планирање, здравство, развој на руралната средина, планирање на транспортот и урбанизацијата и т.н.

Податоците од пописот се користат и за истражувачки цели. Пописот на населението обезбедува неопходни податоци за научните анализи и оценки за композицијата, дистрибуцијата, минатиот и идниот раст на населението. Моделите на промени на урбаната и руралната концентрација, развојот на урбаните области, географската дистрибуција на населението вкрстена со карактеристики како што се занимањето и образованието, половата и старосната структура, морталитетот и фертилитетот на различни групи на население, како и економските и социјалните карактеристики на работната сила, се прашања од научен интерес како за самата наука, така и за решавање на практични проблеми на индустрискиот и комерцијалниот развој и управувањето. Податоците добиени од пописот се значајни и за стопанството, индустријата и за пазарот на трудот.

Пописот обезбедува податоци кои се неопходни за институциите, претпријатијата

и индивидуалните субјекти од стопанството, индустријата и пазарот на трудот. Веродостојната процена на побарувачката на потрошувачите за различни стоки и услуги чиј обем и вид секогаш се менува, зависи од точноста на податоците за големината на населението на одредени територијални единици и неговата дистрибуција по возраст и пол. Овие карактеристики се многу битни за побарувачката на населението за станови за живеење, мебел и опрема за домаќинствата, храна, облека, потреба од здравствени и инфраструктурни објекти, школи, рекреативни објекти итн. Уште повеќе овие податоци ја покажуваат локалната способност на населението како извор на работна сила за производство и услуги и можат да дадат насоки за тоа каде да се лоцираат претпријатијата, производствените и услужните капацитети.

Резултатите од пописот на населението, домаќинствата и становите се од голема важност и за самата статистика.

Со пописот се обезбедуваат податоци кои заедно со податоците од претходните пописи даваат солидна основа за долгорочни проекции на населението како и унапредување на редовните статистички истражувања, особено од областа на демографијата, социјалните статистики, земјоделството и градежништвото. Во сите претходно спроведени пописи, во основа беа инкорпорирани и препораките на Обединетите нации, а и за национални потреби се обезбедувани споредливи податоци по главните карактеристики.

Податоците од Пописот служат како појдовна основа за формирање и ажурирање на статистичките регистри и бази на податоци.

Почитувани пратеници, мошне битно е да се постигне висок степен на консензус по сите прашања, притоа, пописот како статистичка акција од големо државно значење да не се политизира; не треба да се става во функција на дневната политика, ниту на партиите на позицијата ниту на опозицијата, се со цел да се овозможи успешно спроведување на оваа масовна статистичка акција и обезбедување на огромен фонд на статистички податоци за понатамошен наш развој.

Имајќи го предвид наведеното, а со цел да се обезбедат сите потребни услови за навремена подготовка, организација и успешна реализација на пописот 2001, пред се како исклучително значајно статистичко истражување на Државниот завод за статистика, предлагам да се донесе Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година.

Со донесување на Законот, ќе се создадат претпоставки Државниот завод за статистика да продолжи со активностите за успешно спроведување на пописот и организирање на кампања и информирање преку средствата за јавно информирање и други форми со што ќе обезбеди целосно и навремено информирање на населението во Република Македонија за целите и значењето на пописот, за начинот и постапките на попишување, како и за правата и обврските кои ги имаат граѓаните во спроведувањето на пописот.

Информирањето за пописот во странство, кој претставува многу сложена и обемна акција, Државниот завод за статистика ќе го врши преку Министерството за надворешни работи. Граѓаните ќе бидат информирани и за заштитата на податоците, односно, личните податоци што ќе бидат собрани со пописот не може да се даваат на трети лица, ниту да се користат за донесување на каква било одлука од кого било по однос на попишаните лица. Во сите пописни обрасци ќе се наведе дека личните податоци што се прибираат со пописот се строго доверливи и заштитени со закон.

Резултатите од собраните податоци за пописни цели ќе бидат публикувани или подготвени за потребите на корисниците на начин кој обезбедува попишаните лица да не можат да се идентификуваат.

Донесување на Законот ќе овозможи да има доволно време за темелна подготовка во анимирањето и информирањето на граѓаните за пријавување за учество, како би се обезбедило, при изборот на лицата кои ќе го вршат попишувањето на терен (попишувачи), да се обезбеди исполнување на условите за социјалната и националната структура на населението кое се попишува, за довербата која избраниот попишувач би ја имал кај месното население, за неговата можност за комуникација со лицето кое се попишува и за знаењето на јазикот на кој зборува локалното население. Во овие значајни правно - политички начела Владата на Република Македонија и нејзините институции ќе истрајат доследно, бескомпромисно и одлучно. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Насер Зибери има збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Процедурално г-дине претседателе, барам да ни се дистрибуира излагањето на министерот без да ја прекинеме расправата. Сакаме да го имаме како пишан документ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да обезбедат што поскоро да се достави воведното излагање на министерот по Законот за попис.

Збор има г-ѓа Ѓулистана Марковски.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ќе се согласам со министерот дека денеска, Собранието има сериозна задача пред себе. Се работи за донесување на закон со кој што ќе извршиме една наша обврска пред нашите граѓани, пред меѓународната заедница, а тоа е попис на населението, домаќинствата и становите на Република Македонија за 2001 година. Се работи за најголемото статистичко истражување што, по правило се врши секои десет години, што е нужно да се изврши.

Можам да констатирам дека од досегашната моја работа во ова Собрание, како по некое непишано правило, секое носење на овој закон било доста политизирано и да изразам надеж дека нашиов, овој состав на Собраниево, од оваа најголема статистичка операција, нема да направи никаков маркетиншки пристап, туку на задачата ќе и пристапиме сериозно како што ни прилега како пратеници и дека од тоа нема да правиме ниту маркетинг, ниту популизам, туку единствено ќе ги бараме стручните начини што поскоро да им се приближиме на граѓаните и сериозно да ја завршиме оваа обврска.

Јас морам со една констатација на министерот да не се согласам, а тоа е дека со носењето на овој закон во овој период, па дури и денеска и во овој ден, ние комплетно ќе ги завршиме сите подготовки, за точна и навремена подготовка за сите операции кои се нужен предуслов за отпочнување на пописот од 1 до 15 април. Јас сепак сметам дека со овој закон ние доста доцниме, од причина што рокот за отпочнување на пописот се знаеше многу одамна. Тоа е еднаш на 10 години, тој и секогаш се прави од 1 до 15 април, така што сметам дека овој закон можеше да се донесе многу порано, без притоа да се создава никаква политичка тензија дека тој мора да се донесе токму во времето кога се предлага. А, сега, во овој период сме ставени во временски цајтонг, од причина што еден од членовите во законот, а тоа е членот 22 кој што зборува дека попишувањето на членови на Министерството за надворешни работи во соработка со дипломатските и конзуларните претставништва и претставништва на другите институции, пописот ќе го отпочнат од 4 до 17 март. Ако го пресметаме рокот кога треба да отпочне пописот кај овие претставништва, тој е само за седум дена. Имено, во членот 61 каде што се вели кога ќе отпочне, кога почнува да важи Законот за попис се вели од денот на објавувањето, од денеска 15 до 8-ми е 24-ти согласно до крајот на месецот со четири дена и веќе од 7 март треба да отпочне постапката. Јас не верувам дека комплетната процедура само на изготовка на пишаниот материјал на текстовите и на формуларите, кои што треба да се испратат до нашите конзуларни претставништва, кои што треба таму да се обработат и повторно да стигнат до овде, ќе бидат доволен период, за да може навистина, согласно велам, законски пропишаните норми да бидат завршени во овој период.

Исто така, овде беше од страна на министерот истакнато потребата од навремена подготовка во смисла на успешно спроведување на кампања, не само преку средствата за јавно информирање, туку и спрема спроведените комисии до граѓаните за овозможувањето на слободен пристап до нивните куќи, домаќинства, до нивниот имот и до нивно попишување. Сепак, сметам дека се работи навистина за краток период. Можам да ја искажам својата добра желба дека сите вработени таму, навистина, ќе успеат тоа да го направат, веројатно, со натчовечки напори и дека, сепак, не треба да се споредуваме со времето кога беше направен вонредниот попис, кој од нас бараше таков ангажман, а сега немаше потреба од такво нешто. Сметам на една сериозна интервенција во членот 25 на овој закон, во кој што велиме државната пописна комисија, која што е практично органот, кој што заедно со Државниот завод за статистика и формално и практично ќе го реализира пописот, велиме дека врши именување на членовите на комисиите на пописните членови по предлог на советите на Локалната самоуправа. Не сметам дека Локалната самоуправа не е дорасната да именува членови на вакви комисии, меѓутоа, со оглед на тоа дека реонските пописни комисии се практично вистинските оние комисии кои што ја спроведуваат реално постапката на терен, бидејќи се работи за државна опсервација, сметам дека е неопходно истите да бидат именувани од

Владата, како што впрочем е именувана државната изборна комисија. За тоа, имам направено и амандман и се надевам дека ќе наиде на поддршка кај пратениците. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници, моето јавување е иницирано од неодамнешна остварена средба со група граѓани на Република Македонија, кои се по националност македонци, а по вероисповест муслимани. Тие дојдоа кај мене и на таа средба ми го изложија нивниот, би кажал, проблем во досегашната практика на вршењето на попис во Република Македонија. Имено, во тие краишта каде што се населени претежно со таква категоризација на население македонци - муслимани во пописните листи се одбегнува да се запишат во рубриката националност - македонци, во рубриката вероисповест муслимани или исламска вероисповест, туку се запишувале во најголем број случаи како неодредена група, во останата група. На тој начин им е повредено правото на, би кажал, на национално самоопределување и слобода на вероисповест. Бидејќи, не можат тие луѓе да се третираат во останати. Тие се точно определени, по националност се македонци, а по вероисповест се со исламска вероисповест. Па, нивниот апел, а еве и мојот апел е во вршењето на пописот, во практицирањето на пописот, максимално да се обрне внимание на луѓето кои го вршат пописот, односно го спроведуваат пописот, таканаречени попишувачи, тие луѓе да бидат регрутирани од нивните средини и од нивната групација, популација, затоа што тие најдобро го знаат тој проблем и најдобро можат да им го објаснат на граѓаните со македонска националност, а по вероисповест муслимани.

На тој начин ќе се отстрани, една голема, би кажал неправда и едно големо повредување на правото на национално самоопределување и слобода на вероисповест и во голема мерка ќе се корегира бројот на населението кои се со националност македонци, а по вероисповест муслимани. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Збор има господин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, тука денеска ние расправаме за еден важен предлог, важен општествено - економски проект, кој има или треба да има развоен карактер и кој ќе понуди или понудува податоци за повеќе сфери од економскиот, културниот, образовниот, социјалниот живот. Значи, пред нас се наоѓа еден предлог, кој по стручноста мислам дека заслужува внимание и неспорно е дека е вложено од страна на стручните служби голем труд. Меѓутоа, мислам дека од друг аспект колку овој предлог може да биде опортун на нашиве социјални и економски состојби, имено, колку кореспондира со нашата реалност која ја имаме во Република Македонија, тоа е друго прашање, а јас ќе се обидам тоа да го образложам.

Имено, пописот нема само просто значење, броењето на луѓето, предметите итн., туку тоа има општ, веќе реков развоен карактер и неслучајно се врши периодично, според меѓународните стандарди на десет години се вршат такви попишувања, се со цел во функција на креирање на макроекономската политика на една земја и со цел да се дефинираат развојните проекти во сите области.

Резултатите од пописот се основа за долгорочни проекти во сите домени на животот. Овој проект или предлог има, ми се чини некаде 60 члена и за Партијата за демократски просперитет е прифатлив, освен на еден член, а по автоматизација на два члена. За што се работи? Имено, ПДП, односно Пратеничката група на ПДП има забелешки на членот 5 точка 2 кој го дефинира поимот вкупно население на Република Македонија. Оттука, членот 5 точка 2 предвидува дека за вкупно население во Република Македонија се смета под:

Прво, лица кои имаат официјално живеење во Република Македонија, без оглед на тоа каде се наоѓале во рамките на територијата на Република Македонија во време на попишувањето.

Второ, лицата односно странците кои најмалку престојуваат во Република Македонија 12 месеци, односно една година.

Трето, лицата кои имаат официјално место на живеење во Република Македонија, но се во странство најдолго 12 месеци.

Четврто, лицата кои работат и се ангажирани во конзуларно -дипломатските структури или служби на Република

Македонија или пак во структурите на меѓународните организации каде членува државата или пак таму се во рамките на техничката соработка на државата или школување, образување итн. Значи, од овие категории не може да се гледа дека како вкупно население ќе се третираат и нашите граѓани, државјани, кои не по нивна вина работат повеќе или подолго од 12 месеци во другите држави. Се работи за огромен број, според вака паушални проценки таа бројка би требало да изнесува од 80 до 100.000. Значи, не мислам дека секој граѓанин кој е државјанин на Република Македонија и престојува подолго од 12 месеци во странство да се смета во категоријата вкупно население на Република Македонија, туку да се бара една ефективна врска. Значи, да можеме да предвидуваме такви рамки, за да се докаже дека тие луѓе, тие државјани на Република Македонија кои живеат подолго од 12 месеци надвор, имаат ефективна врска во Република Македонија. И, што јас мислам ефективна врска?

Прво, тие лица, тие граѓани кои Владата ги исклучува да ги смета за вкупно население на Република Македонија, тие лица се државјани на Република Македонија и имаат македонски пасош. Со тие пасоши тие патуваат надвор и се враќаат оттаму.

Второ, тие служеа војска во Република Македонија.

Трето, тие плаќале и плаќаат данок, затоа што поседуваат имот во Република Македонија.

Четврто, тие имаат фамилии тесни членови на семејствата, кои живеат тука. Тие имаат куќи, домови, станови во Република Македонија и друг недвижен имот, што е исто така важно. Тие придонесуваат со, мислам на развојот на Република Македонија, со огромен број, огромна сума на девизи и наравно тие лица во голем број инвестираат, градат во Република Македонија. Значи, ако кажуваме дека пописот има општествено - економско значење и развоен ефект, значи тука не можеме да ги исклучуваме тие лица, затоа што тие придонесуваат за општествено - економскиот развој. Која е логиката што Владата сака да ги исклучува овие лица државјани на Република Македонија кои работат повеќе од 12 месеци надвор од категоријата вкупно население на Република Македонија. Со оглед на тоа дека тие лица се тука, тие ефективно и психолошки се поврзани и материјално и имотно се поврзани со Република Македонија и ја третираат како нивна држава, тие со оглед на тоа дека немаат друга земја, освен Република Македонија, и оттука се поставува прашањето кој е интересот на нашата држава, дури и по сегментот или од аголот, од економскиот и развојниот агол, кој е интересот на Република Македонија да ги исклучува овие граѓани, овие државјани, нејзини државјани, од категоријата вкупно население на Република Македонија.

Значи, ако се придржуваме кон тоа што министерот го кажа тука дека не би требало ова прашање политички да се експлоатира, јас сум против тоа, мислам дека и никој не сака тоа прашање да го исполитизира, туку едноставно гледаме како економска појава, како социјална појава, како развојна појава.

Затоа, ние предлагаме амандман со кој практично ќе се наброjува или ќе се смета за вкупно население и оваа категорија на граѓани односно државјани на Република Македонија кои работат надвор повеќе од една година односно 12 месеци. Сметам дека министерот и Владата ќе најдат сили да го прифатат амандманот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот.

Дали се јавува некој друг за збор?

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, најпрво, сакам да го изнесам моето мислење дека не е добро што законот се предлага да се донесе во една фаза, бидејќи и од излагањето на предлагачот се истакна дека се работи за многу важна, многу сложена и многу комплицирана материја која го третира овој закон и самата акција за попис на населението. Јас го делам тоа мислење и оттука мислам дека требаше овој закон да се носи во две фази. Да се разгледаат сите аспекти и димензии на прашањето и да се направат максимални напори, да се вложат за да се надминат недоразбирањата, кои одделни членови на предлогот ги внесуваат, а кои можат да имаат далекусежни последици по оваа многу важна акција.

Господине потпретседаеле, создавајте услови да можам да се искажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, да го ислушаме колегата Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Вие слушате, јас не можам да се доискажам, заради моите колеги кои ...

Добро, ние се обидовме и во комисиската расправа да се корегираат одделни прашања за кои господинот Мерсел Биљали тука зборуваше, но за жал, повереникот на Владата, т.е. директорката на Заводот за статистика не најде засходно да се посвети повеќе внимание и да ја информира Владата со ставовите што беа изнесени во комисиската расправа, за да може да се усогласат овие ставови. Подвлекувам дека за успешно спроведување на пописот е потребен максимален консензус на сите политички сили во земјата и на сите граѓани од сите националности или било која врста на припадност. Токму од тие причини неслучајно се посветува огромно внимание и од надвор и од надлежните институции, почнувајќи од Обединетите Нации, Советот на Европа и надлежните специјализирани агенции, како што се Еуростат или Бирото за статистика при Советот на Европа итн. Напротив, Македонија и покрај ваквите укажувања тврдоглаво често пати се однесува кога е во прашање пописот на населението и спротивно на сите укажувања дека треба да се вложат максимални напори, да се надминат сите недоразбирања, кои можат да влијаат врз успехот на пописот, таа често пати знае да се однесува или да се оглушува на ваквите укажувања, а се разбира, после последиците ги сноси самата Влада, самиот Буџет, самите граѓани и самата држава.

Вие знаете дека во 1991 година веднаш по конституирањето на повеќе партискиот парламент во тогашната еднопартиска влада која беше се уште Влада на Република Македонија предложи закон, односно измени на Законот за попис на населението, со кои беа иземени одредбите, со кои беше регулирано прашањето на употребата на јазикот и писмата на националностите во спроведувањето на пописот односно со кои беше регулирана содржината на пописните формулари и другиот пописен материјал.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (продолжение)

Ние уште тогаш укажавме дека е недозволиво пописот да се спроведе во рамките на меѓународните стандарди, дека пописот мора да се спроведува на начин кој ќе биде разбирлив за сите граѓани за да можат граѓаните слободно и без страв дека нивните изнесени податоци ќе можат да бидат криво или неточно пренесени, а тоа подразбира дека пописот треба да се спроведе на јазикот на граѓаните на кои се однесува.

Не бевме добро сфатени, повикувајќи се на разно разни прописи тоа не беше прифатено, а последиците на сите ни се јасни. Тој попис на население не успеа, тој попис на населението не беше признат и од меѓународните институции и агенции надлежни за ова прашање и како резултат на тоа Македонија беше принудена да спроведе уште еден попис.

Познато ви е дека по договорот што беше постигнат во тогашните разговори во присуство на меѓународниот фактор Македонија беше принудена да изврши дополнителен попис. Тој попис да не биде само спроведен во делот на популацијата која го бојкотираше пописот, туку врз целото население во Република Македонија.

Македонија исто така беше принудена да изврши измени во делот на законската регулатива која го регулираше прашањето на јазикот и да им овозможи на граѓаните од различно етничко потекло и национална припадност, пописните формулари да бидат и на јазикот и писмото на националноста која се попишува односно која живее во Република Македонија согласно Уставот.

И не само тоа, поаѓајќи од лошото искуство во смисла на спроведувањето на пописот, начинот на формирање на пописните комисии, инструкторите и попишувачите кои го спроведуваат овој проект беше спроведена меѓународна контрола од страна на надлежни институции од Советот на Европа и тоа од првите фази во текот на изготвувањето на текстот на законот, составувањето на државните, општинските и другите тела за спроведување на пописот што значи инструктори - попишувачи и во делот на инструктажата која беше извршена. И не само тоа, меѓународната контрола или набљудување беше целосно присутна во текот на спроведувањето на пописот како и во постапката за обработка на податоците добиени од пописот се до нивно објавување.

Сега не е таа пракса, напротив се враќаме повторно назад и одредбите по однос на набљудувањето, спроведувањето, прогласувањето на податоците се иземени тие одредби кои цените дека беа најобјективни, беа најверифицирани од страна на непристрасни и неутрални набљудувачи и специјализирани за спроведувањето на пописот, како што беше случајот 1994 година.

Оттука навреме обрнуваме внимание дека овие прашања не смеат да останат такви, нашата пратеничка група не смее да биде надгласана или мајоризирана во

Собранието без оглед што предлагачот може да се повикува на одлуки на Уставниот суд и на одлуки кои цени дека се неопходни при составување на предлогот. Ние обратно, цениме дека најважно е пописот да успее.

Истиот устав, истата законска регулатива беше и 1994 година, но ние донесовме закон каков што донесовме и пописот беше спроведен како што беше. Затоа неразбирливо е зошто предлагачот, бидејќи се работи за нов закон не сметал за опходно или неопходно да има глава со која ќе биде регулирано прашањето на употребата на јазиците на националностите во делот на спроведувањето на пописот и не ценел дека таквото прашање, доколку се изостави, ќе може да предизвика негативен набој кај граѓаните и ова многу важна и сложена акција да не биде успешна односно да ја доживее судбината на истата акција од 1991 година.

Значи, неопходно е да создаваме клима и услови ова прашање да биде регулирано и решено за да имаме успешна акција односно успешен попис на населението во Република Македонија.

Членот 35 од сеуште постојниот закон прецизно го регулира прашањето на употребата на јазиците на националностите и тоа во посебна глава. Ќе го цитирам член 35 став 1 "попишувачот е должен да ги информира лицата кои се попишуваат дека имаат право на слободно избирање за попишување на службен македонски јазик и на јазикот на националноста на која лицето и припаѓа (албански, турски, влашки, ромски и српски јазик). Не може ставот на Уставниот суд, доколку на тоа се повикува предлагачот, а веројатно на тоа се повикува да биде пречка за регулирање на ова прашање во еден нов закон. Ние не вршиме измени и дополнувања на постојниот закон, туку носиме сосема нов. Тоа е едно.

Второ, мислам дека поведувајќи се од праксата и понатаму предлагачот инсистира на двоен аршин во делот на попишувањето на нашето население односно нашите државјани кои привремено работат во странство. Најпрвин не е добро што не се регулира прецизно оваа активност, цениме дека е законска материја и мора точно и прецизно да има одредби со кои ќе се регулира ова прашање. Кога, како, кој ќе го спроведе, по која динамика, како ќе се објават итн., податоците од овој дел на населението на Република Македонија. Во секој случај тоа што беше подвлечено и од претходниот дискутант дека е грешка, дека не е во интерес на Република Македонија сепаратно да се објавуваат резултатите од пописот на населението во делот што е резидентно население делот од нерезидентното население односно државјани на Република Македонија кои привремено се надвор вработени или кои подолго претстојуваат од една година, бидејќи параметрите што ќе се добијат од таквото објавување на податоците ќе дадат нереална слика за вкупното население во Република Македонија.

Од овие и од многу други причини кои можат да се истакнат, ние поднесовме амандмани, но поаѓајќи од досегашното искуство како владиното мнозинство се однесува при предлози кои се даваат од страна на опозицијата, знаеме однапред, го знаеме исходот од изјаснувањето на владиното мнозинство и од тие причини цениме дека апсолутно нема да биде на штета туку напротив ќе биде многу корисно ако Владата и предлагачот имаат доблест овој предлог и постапката да ја претвориме во редовна односно не во скратена постапка, предлогот да не се гледа како предлог за донесување со предлог на закон, туку само како прва фаза како Предлог за донесување на закон и во меѓувреме да се обидеме и ние како пратенички групи и Владата и надлежните органи дали има подготвеност, дали има простор да се надминат, ако не сите забелешки кои се изнесени, барем тие најкрупните кои можат да бидат камен на сопнување и кои можат да го доведат во прашање целиот проект, а тоа е успешен попис на населението.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има г. Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Денеска расправаме за многу значаен закон. Со оглед дека носиме закон кој во минатиот период секогаш беше жижа на интересирање на јавноста не само на македонската, туку и на пошироката.

Факт е дека 2001 година ќе биде една од најголемите операции во Република Македонија т.е. попис на населението, имотот и слично кој е многу значаен за секоја држава, па и на Република Македонија.

Банката на податоци кои ќе се добијат од овој попис по сите сегменти кои ги предвидува законот и те како ќе бидат важни и релевантни за идната проекција на Република Македонија било во поглед на

економскиот, културниот, па би рекол и во политичкиот живот.

Денеска ми е чудно кога г. министер апелира да не политизираме односно да не го политизираме случајот кога и тој и сите ние сме сведоци дека токму ова прашање е едно од најполитизираните. Моите колеги пред мене покажаа дека тоа беше случај 1991 и 1994 година кога дел од населението ни тогаш ни денеска не е сигурно дека пописот во Република Македонија се изведува со нормални услови нормални предуслови кои ги нудеше законот и сите други пропратни тела почнувајќи од попишувачите до инструкторите итн.

Затоа имајќи го предвид ова искуство, имајќи го предвид фактот дека секојдневно ни се сервираат и во јавноста имаме разно разни податоци по било кој основ секојдневно и внатрешните и надворешните субјекти сеуште го поставуваат прашањето за тоа кој е националниот состав и структура во Република Македонија. Искуството покажува дека тие податоци не еднаш биле искривени. Да ве потсетам, 1991 година во Република Македонија се бараташе со цифра од 17% албанци дури така и Законот за пратеници беше така добро темпиран точно 17,8% во Парламентот на Република Македонија има пратеници. Но, пописот со малку поголема контрола покажа дека сепак тие податоци не се точни. Денеска почнуваат шпекулации и разно разни инсинуации околу тоа и погодување и нагодување кој е националниот состав во Република Македонија. Ако денеска со овој закон не најдеме сили да се најде општ консензус да се создадат предуслови пописот да се изведе во најнормална, најрелаксирана атмосфера со која тие што ќе ги дадат податоците, а тоа се граѓаните на Република Македонија да бидат во потполност сигурни дека нивните податоци ќе бидат внесени точно како што тие ги изнесуваат останува и понатаму дилемата дали и оваа година ќе ни се повтори тоа што ни се повтори 1991 и 1994 година.

Дали и понатаму овде и во Европа ќе се калкулира и ќе се исфрлаат разно разни бројки кои после мака ќе мачиме да ги демантираме или да ги докажеме.

Фактот дека денеска со овој закон наместо да се направи чекор напред кон тоа да се нуди сигурност дека оваа држава, оваа институција каква што е Заводот за статистика е таа која гарантира најточни податоци е момент кој им дава право на сите тие да се посомневаат.

Факт е дека во Република Македонија и сега и порано, а веројатно со овој закон и во иднина ќе се калкулира и манипулира со бројка колку албанци има внатре колку надвор.

Затоа г. пратеници, затоа г. претставници на Владата денеска кога сите цениме дека Република Македонија живее во порелаксирана политичка атмосфера, денеска кога сите цениме дека дефинитивно на оваа држава и требаат јасни проекти, јасни и точни податоци за проектирање на иднината, да смогнеме сили сите овие недоразбирања, сите овие пропусти заеднички ги надминеме и дефинитивно оваа година имаме попис и податоци на кои сите во Република Македонија ќе им веруваат и сите други надвор кои се заинтересирани за Република Македонија ќе ги сметаат за релевантни податоци. Во спротивно и понатаму ќе продолжи една незавршена песна ги има толку, ги има онолку. Моментот е денеска да дадеме се од себе и на крајот да имаме закон кој ќе биде гаранција за сите и тие податоци да бидат прифатени од сите.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г. Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам г. претседателе, дами и господа пратеници, господине министер. Јас сакав да земам збор и поради самата причина што мислам дека законот малку со задоцнување доаѓа во Парламентот затоа што веќе се предвидени некои активности кои претстојат во наредните денови веднаш по стапувањето на снага на Законот тие да бидат спроведени, па само со тоа со оваа многу важна работа мислам дека јавноста не да не е свесна, туку веројатно и недостасуваат информации, и недостасуваат аргументи како ќе се спроведе овој закон, што е новината штом се предлага друг закон и што има ново во овој закон и што е тоа што беше во стариот закон како дадена предност и што со новиот закон се предлага да се авансира самата постапка, а со тоа да се постигнат што подобри цели.

Во таа смисла мислам дека дебатата и дискусиите можат да придонесат повеќе да ја информираат јавноста, да ги достават и преку дискусии да ги анимираат главните моменти на законот, а со тоа да им дадат на знаење дека мора да бидат подготвени, да се организираат во смисла на свои индивидуални можности овој акт да го

дочекаат подготвени и да дадат што поточни информации затоа што целта на пописот се знае дека е во функција на целокупниот развој и планирање на Република Македонија за во иднина. Тоа е светска норма, одредено со светски стандарди, затоа се прави од одредбите на ОН, како што искажа и самиот министер.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Кога сум кај министерот веднаш ќе изречам една реченица, која што е срштa и суштината на самиот акт за попис. Се кажа од стенограмот дека со законот што се предлага се стреми да се обезбедат такви информации кои што ќе бидат "целосни и точни за населението во критичниот момент", нормално и за сите други добра, не само за населението.

Од аспект кога бараме целосни и точни, затоа што само како такви ќе бидат предмет на научни истражувања и предмет на економска проценка и план за понатаму, затоа што како неточни и нецелосни тие во никој случај не може да служат како такви. Ние како пратеничка група и јас лично од тој аспект го прочитав законот и си поставив прашање дали овој закон е во функција на таква цел и дали ја гарантира таквата цел.

Јас мислам дека од тој аспект има многу да се посакува уште, затоа што Македонија и Владата во изградбата на овој закон за жал по се изгледа не се повикала на искуството што веќе Македонија го има со една таква активност, а тоа е дека иако пописот направен 1991 година и предложен како што беше предложен и тој не успеа се пријде на организирање на друг закон и друг попис 1994 година кој што беше нормиран во согласност со меѓународните норми и во согласност со Советот на Европа и нивните препораки.

Според тоа, што нас овде ни се дава мислам дека тоа искуство за жал воопшто не е искористено и врз основа на тоа што и колегите го искажаа дека може да се повикаат на одлука на Уставниот суд дека тоа било неуставно во тоа време, јас сепак мислам дека министерот требаше да опстои во таа насока затоа што тоа беше со цел да се дојде до целосни и точни информации. Се што е за таа цел, се што служи на таа цел не може туку така да биде оправдано со некои тврди или тврдо интерпретирани акти, а со тоа самата суштина на проблемот да претрпи штета, а со тоа и суштината да се има целосни и точни информации.

Ние мислиме дека имаме право што тврдиме вака затоа што за да се добијат целосни и точни информации мора методата на работата и самиот принцип на спроведување да се базира врз она што е транспарентност и врз она што е рамноправност.

Транспарентноста се гарантира во стариот закон со неколку одредби кои што се за сега заземени за жал и кои што ги споменаа моите колеги, и јас не сакам да ги повторувам, но тоа е факт. Рамноправноста на тие што ќе бидат предмет на попишување, рамноправноста на тие што ќе го спроведат и врз кои што ќе се спроведе се соочува со употребата на јазикот. И тоа беше регулирано во стариот закон, член 35 каде беше предвидено како што се искажа пред неколку минути од колегите. Така да јас мислам дека употребата на јазикот е од суштествен интерес за добивање на целосни и точни информации затоа што од една страна тоа ќе биде израз на рамноправноста на граѓаните на Република Македонија, кое што е главно начело на нашиот политички систем и друго, како методологија е многу поуспешна за прибирање и за транспарентност на самиот процес, затоа што се знае дека јазикот не е една фраза и не е лесно наречен збор, туку е метод за комуникација. Кога комуникациите се во ред, кога тие се како што треба, тие што јазикот на националностите го познаваат, нормално и податоците ќе бидат поточни.

Од тој аспект јас сакам да кажам господине претседателе дека не може декларираната коњуктурална околност за некого и поволност да биде заменета со нормираната законска одредба која не само поради тоа што е стекната, туку поради тоа што во дадените моменти претставува и еден чин на рамноправност. Кога ние очекувавме тоа што беше нормирано како досега да биде унапредено, никако не можеме да прифатиме тоа да биде уназадено.

Кога на почетокот реков дека јавноста не е запознаена и не е упатена, така да се изразам, на активноста што се предлага со Законот за пописот, јас мислам дека некои структури на власта не може да се каже дека е така. Имено, јас пред неколку дена интервенирав и поставив пратеничко прашање и до премиерот за неможноста на нашите граѓани да се обезбедат со лична документација како што е личната карта, со што на нив им се ускратува елементарното право како граѓани на Република Македонија само затоа што тие одат, се враќаат, па пак одат и пак се враќаат во странство и дека некој им дал информација, затоа што е легално

тоа, дека тие не се резидентни во таа смисла на законот во Република Македонија. Тие на овие наши граѓани кои ги викаме привремено вработени во странство не им даваат лични карти.

Со тоа сакам да кажам дека одредени ресори, во овој случај Министерството за внатрешни работи се погрижиле и се грижат перманентно за да се создаваат можности нашите граѓани кои што се привремено вработени во странство кога ќе дојде моментот да се регистрираат како резидентни имаат цврст доказ дека не ќе може така да биде, затоа што тие просто немаат лична карта. Јас од ова место го прашувам и министерот како ќе биде тоа спроведено со тоа што со овој закон се предвидува на тие што се повеќе од 12 месеци надвор не ќе може да се регистрираат како резиденти. Веројатно врз иста основа и на тие што по шест пати доаѓаат во Струга во тој контекст им се скратува правото на лична карта, иако тие доаѓаат почесто од 12 месеци, веројатно и со замисла кога ќе дојде времето за попис личната карта ќе служи како доказ, па тие иако доаѓаат не можат да се регистрираат како резидентни граѓани. Тоа ќе биде една голема штета за самата цел на пописот што значи ќе добиеме просто неточни информации, а статистиката никогаш не смее да биде неточен збир на неточни податоци. Всушност точен збир на неточни податоци. Затоа мислам дека уште еднаш треба да се насочи вниманието и на министерот за правда а и на Владата со такви потези што ги прават на одредени сегменти, поточно Министерството за внатрешни работи треба да престане и во функција на што поточни информации ова Собрание треба да ги прифати амандманите што сме ги предложиле.

На крај нешто и за проблемот за македонците муслимани. Јас мислам дека секој поинаков пристап спрема овој дел на граѓаните на Република Македонија би било чисто политиканство и јас не сакам да се впуштам што и кој е, што е индивидуално право на секој да се изјасни, но јас од ова место велам дека тие луѓе, како на сите граѓани на Република Македонија, како и да се осеќаат тие да им се допушти да се изјаснат така како што тие мислат. Без никави притисоци, како што било практикувано често до сега, тие да бидат предмет, јас потполно се согласувам со господинот Кралевски дека имало одредени неповолни работи, интервенции во овој правец, но ако почнеме ние со тие работи и овде јас мислам дека нема да биде добро. Просто се надевам дека сите граѓани на Република Македонија ќе се изразуваат и изјаснуваат така како што се осеќаат. Која вера се, кој јазик зборуваат, тоа е нивни проблем. А ние мораме и со законски акт и во тек на спроведување на пописот да биде таков тие слободно да си ја изразуваат својата припадност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, иако се стекнува впечаток дека ние пратениците од ПДП се наредивме и на еден начин сакаме во овој случај да ве убедуваме дека која би била најдобрата варијанта, односно кој би бил најдобриот начин да имаме ние еден успешен попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2001 година.

Зошто го кажувам ова? Затоа што ние сега или денеска не смееме да се враќаме таму каде што не успеавме. Враќањето таму каде што не успеавме 1991 година и ако со законската регулатива се враќаме таму тоа значи дека пак некако сакајќи или несакајќи политичката димензија се провоцира од самиот предлагач на овој закон, односно од тие што ќе бидат главни актери за спроведување на пописот во Република Македонија. Тогаш најдобро е ние да се враќаме таму каде што успеавме, а успеавме 1994 година. Ни беше тешко, а најдобро го знаеме тоа ние кои бевме и главни актери во сето тоа што значи донесување на регулатива и прописи а и во спроведувањето на пописот, а денеска исто така имаме директор на Заводот за статистика госпоѓа Светлана Антоновска и тогаш со нас цело време беше еден голем експерт, швајцарец господинот Вернер Хоуг. Со самиот факт што ние интервениравме тогаш и баравме да се спроведе пописот со европски стандарди, а тие европски стандарди тогаш доаѓаат од Советот на Европа со експертска група, помогнавме во два сегмента можам да кажам. Зошто?

Прво, овозможивме нашиот Републички завод за статистика со месеци да има експерти кои активно беа вклучени и ни беа во испомош за да можеме најдобро што е можно да ги спроведуваме критериумите, методите, односно методологијата на демократските земји како тоа тие го прават, односно како тие го вршат пописот во нивните земји. И тука доби Заводот за статистика доби Република

Македонија. Добивме сите ние затоа што за прв пат бевме активни во тоа што значи многу за една држава - попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија.

Ако е така и ако имавме една таква констатација и таква оценка тогаш, тогаш каде се и кои се причините ние да се оддалечуваме или дистанцираме од тоа што значи 1994 година со експерти во нашата земја и пак да се вратиме на начинот на пописот да го правиме како тоа го правевме 1991 година или тие шест други пописи кои се спроведени некогаш во тогаш наречената Социјалистичка Република Македонија.

Добро е што при нашите укажувања и убедувања денеска сме и сведоци тука и се соочуваме и се потсетуваме на нешто што навистина беше напорно, но крајот беше добро. Значи успеавме иако во обработката на материјалите т.е. на тоа што значи попис на документација и се ние пак дури и 1994 година имавме наши резерви во однос на обработката на материјалите, односно документацијата која беше прибирана од дискрипти или пописни единици. Ако се бара точност и транспарентност за еден спроведен попис никогаш не смееме тоа да го толкуваме дека ние си даваме за слобода да кажеме дека проблемот добива политичка димензија. Пописот добива политичка димензија само толку колку ќе биде нефлексибилна власта, односно предлагачот на законот колку ќе биде нефлексибилен и првиот човек на Републичкиот завод за статистика. Ако таква флексибилност постои, тогаш многу лесно, со многу седнувања се разбира на некои наши тркалезни маси каде што експертите веројатно ќе помогнат а и ние како пратеници ќе бидеме вклучени сигурно со добар закон и добра подготовка ќе имаме и добар транспарентен и точен попис. Затоа што ќе се ослободиме од предрасуди, ќе се ослободиме од разни наши комплекси, ќе се ослободиме еднаш, а требаше еднаш веќе да се ослободиме од тоа кој во колкав број е Република Македонија, ако веќе сме определени цврсто да чекориме кон интеграционите европски процеси со граѓански концепт. Тоа значи дека никој за ништо не треба да се плаши дека ќе бидеме помалку, ќе бидеме повеќе итн. Тоа што сме сме, мислам како бројка. Пописот треба да биде реален до крај. Да не се остава ни најмалку сомнеж дека може да биде фалсификуван, нетранспарентен. Треба да се учествува во сите фази и при донесување на закон и при сите други прописи, веројатно ќе има и подавки и други документи. Активно треба да учествуваме сите. Треба да се запази до крај и националната припадност при учеството на сето тоа што ќе следува за да заврши до крај еден попис и на крајот би бил јас среќен, веројатно и мојата пратеничка група и сите ние кога сите на крајот ќе констатираме со една конференција, дали за печат итн. дека сме, се согласуваме со тоа дека навистина овој пат имавме точен и транспарентен попис на населението во Република Македонија. Тука две прашања се за евентуална можна провокација да се добие таа политичка димензија за која тука бевме и предупредени на еден начин.

Обрасците и јазикот, ако веќе 1994 година со набљудување и активна експертска група од Советот на Европа имавме попис со обрасци на сите јазици на тие што се попишуваат, на јазиците на националностите, мислам дека не држи 2001 година да се дистанцираме на еден начин од тоа што беше 1994 година.

И уште еден проблем, за кој мислам дека беше во член 6, дури и став 6 при пописот на нашите граѓани кои се привремено во странство, надвор од земјата.

Тука во 2001 година ја имаме и таа предност да не ја правиме, можеби е лош збор да кажеме фушарски.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Да не го правиме пописот надвор затоа што, тогаш бевме хендикепирани, немавме наши амбасади односно имавме многу малку претставништва и конзуларни и наши амбасади во Европските земји, во Америка, Канада, Австралија и некои други земји. Така да сега тоа ќе ми биде голема предност, таму веќе добро сме екипирани со нашите амбасади. Веројатно ќе појдат и луѓе кои се и експерти и кои ќе даваат упатства за да ангажираат луѓе, исто така запазувајќи го тоа што значи национална припадност и квалификација, за да може да имаме добар, точен и транспарентен попис во Република Македонија.

Да завршам со тоа дека тоа сме ние, како пратеничка група, кој како сака нека ме разбере но искрено ви велам, искрено мислам дека треба да спроведуваме добар, и како што веќе ни доликува попис во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитувани пратеници, има неколку закони кои се донесени во последно време,

односно во времето на оваа Влада, а кои се толку чувствителни, што се однесува до меѓунационални односи односно до положбата на албанскиот народ, во системот наречен македонско демократско општество, а кои закони го имале предвид, изгледа, токму спротивното, нарушувањето на овие односи односно поставувањето на албанскиот народ во незавидна положба.

Еден од тие закони од чии резултати директно се одразува положбата, а со тоа и со сите други права, во конкретниот случај на албанскиот народ, е токму законот за Попис на населението, чии резултати во наредните 10 години, ќе претставуваат официјална статистика, акти, кои Република Македонија ќе ги претставува како реална слика на националната структура на РМ, ако е резултати ќе имаат директен одраз врз правата и положбата на албанскиот народ во ова општество.

Анализирајќи ја содржината на овој закон, како и имајќи предвид и за други околности чие регулирање е надвор од законот за попис на населението, а кои имаат директно влијание врз резултатите од пописот, се гледаат низа недостатоци кои, нарaвно ќе имаат свој одраз врз националната структура во Републикава.

Како прво јас сакам да го потенцирам фактот дека и со новиот закон за попис на населението се предвидува пописните листови да бидат екслузивно само на македонски јазик, кои, нарaвно, како такви ќе претставуваат хендикеп на албанскиот народ во Републиката, и ќе биде терен за разни манипулации. Тоа ќе биде една од можните индикатори за сомневањето во добиените факти. Во овој случај оспорувањето на елементарното човеково право, меѓу другото и листовите за попис да бидат и на други јазици односно на албански јазик, не е мотивирано од Уставни или други законски определби, туку, се има една единствена цел, а тоа што полесно манипулирање со добиените резултати.

Друг фактор кој е многу значаен, за тоа како ќе тече пописот на населението, од чие правилно работење директно ќе зависи и веродостојноста на добиените резултати, нарaвно и структурата и составот на пописните комисии т.е. структурата на членовите кои ќе го спроведуваат тој попис. Априори се знае дека таквите комисии во градовите, па и во поголемите села каде што повеќето од населението се од албанско национално потекло, ќе бидат составени и од албанци и од македонци, па добиените резултати како такви нарaвно дека ќе бидат поверодостојни. Но, заинтересирани сме да знаеме каков ќе биде составот на овие комисии, во тие градови или села каде што поголемиот дел од населението е од македонско национално потекло. Нарaвно, одговорот е дека тие комисии ќе бидат ексклузивно составни од македонци, т.е. еднонационална култура. Притоа, треба да се има предвид фактот дека било какви резултати добиени од еднонационални органи, структури, или комисии во било која мултинационална држава во светот, како што е и Република Македонија, секогаш се доведуваат во знак прашање односно секогаш се сомнителни.

Актуелно Република Македонија си се претставува како држава во која бројот на жителите е некаде 2,2 милиони жители. Притоа, треба да се потенцира фактот дека не е мал бројот на разни меѓународни институции или други релевантни фактори кои ја ставаат под знак прашање веродостојноста на овој факт, бидејќи таквата бројка навистина треба да претставува предмет заедно подетална анализа. Јас тоа ќе си го образложам со еден конкретен пример.

Во последните локални избори во Република Македонија, кои се одвиваат така како што се одвиваа, за што јас немам некој посебен коментар, во еден од западните градови каде што извесен број на населението и од албанска припадност, а можните кандидати за градоначалници, од македонска национална припадност т.е. припадници на двете поголеми македонски политички партии СДСМ и ВМРО - ДПМНЕ, после првиот изборен круг дојдено е до меѓусебно препирање, каде што и двете политички партии се сомневале во правилноста и веродостојноста на гласачките листови, а притоа побарале истите да бидат контролирани. При нивната контрола излезе дека голем број на граѓани од македонско национално потекло, со двојно право на гласање односно регистрирани и во регистерот или листот на соодветниот град и во гласачкиот лист на селото или друго населено место од каде тие потекнувале.

Имајќи го предвид овој факт кој каков таков сугерира дека истата појава може да биде карактеристика и во општиот попис на населението.

Како на]голем гарант за одбегнување на една таква појава, како прво е обезбедување на мешани комисии во сите населени места каде ќе се одвива пописот на населението.

Како втор фактор кој исто така е многу важен е и подобрувањето на

националната структура на Републичкиот завод за статистика.

Јас со право овде би се запрашал колкав е бројот на вработените албанци во овој завод, одговорот, бидете убедени, е дека тој е многу мал, да не кажам притоа дека освен заменик директорот, тешко да има друг албанец вработен во овој завод, а токму таму ќе се изврши преработката, контролата и проверката за веродостојноста на сите добиени резултати од теренот. Бројките произлезени од тој завод, наравно дека ќе претставуваат официјални факти за националната структура во Републиката, односно статистичките податоци кои Македонија ќе ги претставува било каде во светот.

Дека структурата на комисиите е многу битна, се гледа и од излагањето на координаторот на ВМРО ДПМНЕ г-динот Краљевски.

Друг нерешен проблем, кој наравно кој има свој директен одраз врз добиените резултати од пописот на населението, е и проблемот создаден со постоечкиот Закон за државјанство, со кој закон се оспорува правото на државјанство, а со тоа, сигурно со автоматизам и правото да си бидат регистрирани со општиот попис на населението, на многу граѓани со албанско национално потекло, притоа неводејќи сметка за фактот дека се работи за граѓани родени во РМ, пораснати тука, а многу од нив имаат создадени свои фамилии. Тој број не е за занемарување, бидејќи се работи за неколку десетици илјади луѓе.

Од посебен интерес е, наравно и постапката која при оваа регистрација ќе се води со нашите граѓани со привремена работа во странство, односно начинот на кој и ќе бидат опфатени со оваа регистрација. Тука од посебно значење е и улогата на МНР. Но, при тоа на некој начин да бидеме предвремено убедени за едностраноста од работењето на ова министерство, а притоа има релевантност на нејзините резултати, со право би се распрашал какво е искуството на ова министерство со последниот попис од 1994 година, колку ова министерство се залагало за во тој попис и какви биле резултатите од тоа залагање. А имајќи го предвид предложениот закон односно членот 6, се гледа многу добро и овој нов закон останува рестриктивен кон оваа категорија на наши граѓани.

Имајќи ги предвид горе сите наведени факти, како и фактот дека и новиот Закон за попис на населението не се разликува многу од поранешниот закон на кој му успеа, вкупниот број на албанците во РМ, да го минимизира најмалку за 10%, со право се обрнува внимание на сите можни неправилности кои се евидентни и кои како такви ќе имаат директен одраз врз националната структура на населението на РМ.

Притоа, ние апелираме до сите државни институции, директно инволвирани во овој попис, до Владата на РМ, како и до меѓународните механизми кои ќе го набљудуваат пописот, тоа да се преземат конкретни чекори за остварување на сите овие неправилности. Во спротивно добиените резултати, наравно, ќе бидат сомнителни а може би и оспорени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Ние сме на почетокот на 21 век и нема сомневање околу тоа дека во РМ, пописот треба да заврши во најдобар ред и да имаме најрелевантни показатели за сите сегменти од животот во РМ, и врз основа на тие податоци, точни, па можеме да го креираме нашиот развој, нашата иднина, се разбира во рамките на она што се стремиме за влез во Европската Унија и структурите кои постојат во таа организација. Јас сакам навистина да бидеме сосема достоинствени, да бидеме конструктивни и на самиот почеток да не фрламе искра на раздор. И веднаш да зборуваме дека овој закон е нетранспарентен, дека Владата не работи транспарентно и дека пописот мора да биде транспарентен. Да ги отфрлиме сите такви сомнежи. Јас сум, согласен, а верувам дека и Владата и министерот се спремни, се што е како амандманска расправа, за подобрување на овој закон, за практична реализација на пописот за 2001 година, да може да се дополни амандмански во овој закон. Меѓутоа не се согласувам однапред вие да укажувате на тоа дека овој закон апсолутно не е добар и дека не враќа назад на почетокот на 1991 година. Мислам дека и Заводот за статистика и Министерството за правда направиле добра сондажа, имаат и добри инструкции и имаат релевантни показатели однадвор. Тоа и досега практицирано во РМ, и мислам дека овој попис ќе заврши многу успешно.

Исто така сакам да укажам дека се приклучувам кон одредени мислења на поедини пратеници од опозицијата дека ние во РМ, имаме одреден баланс, не само од распаѓањето на СФРЈ. Ние имаме и еден

синдром кој беше започнат некаде од 1948 година, во РМ. Но, тоа не значи дека со овие две клучни прашања што се случија по распадот на Југославија и со масовното иселување на населението од РМ, и нерешениот статус на тоа население, исто така од нерешениот статус на имотно - правни односи на тие граѓани во РМ. Ја сум сигурен дека ние како држава и како институции  и како министерства навистина сакаме идеално, но разберете и сфатите дека ние мораме чекор по чекор да ги градиме овие работи, чекор по чекор да ги надоградуваме за да можеме максимално да одговориме на овие предизвици од 21-век. Ако некој се смета толку компетентен и стручен дека може таа работа или можел да ја направи многу поквалитетно, имаше шанса во поранешниот период.

Меѓутоа, да завршам и да посеам позитивна енергија. Дајте овој Закон за попис на населението во РМ, да не го претвориме во политичка дебата, да го претвориме во конструктивна дебата, да укажеме таму каде што може или да се дополни амандмански во одредени членови, се во смисла за максимално да се спроведат овие пописи во Република Македонија.

Затоа што губитници нема да бидат само албанците, губитници можат да бидат и македонците. Ако некој мисли дека албанците се иселиле во западно европските земји, Америка, Канада и Австралија, истата судбина ја имаат и македонците и власите и некои други.

Затоа, да престанеме со таквата манипулација. Јас сум за конструктивен дијалог а не на самиот почеток со негативна енергија дека овој закон не е транспарентен затоа што Владата не работела транспарентно, Заводот за статистика не бил доволно обучен, немало доволно вработени албанци. Ние тој процес во РМ како Влада, го отворивме и стоиме зад таа стратегија. Меѓутоа, вие не можете ад хог да кажете, дека сега ние преку ноќ, заради донесуваше на овој закон ќе вработиме уште 20 или 30 албанци во Заводот за статистика и таму ќе тече "мед и млеко". Работата не е така. Се е поврзано и со стручност и со знаење и со едуцирање на кадри и се е работа на политиката на оној миг кои ние денеска во РМ го креираме како реформска Влада. Јас сум да опстоиме на таквиот курс и да не подлегнеме на ваквите инсинуации и да ги политизираме однапред луѓето дека вие нема да бидете правилно попишани, вам ќе ви бидат скратени одредени права итн. Да не одиме со таквите нешта. Тоа е контрапродуктивно и не не носи чекор напред, кон она што сакаме сите да одиме. Јас сум за една таква позитивна и активна политика и работа која треба да ја водиме во државата. Јас навистина, сметам дека овој закон има доволно рамки пописите да се завршат максимално добро и максимално квалитетно. Но стојат и тие размислувања. Колку сте спремни и имате нови видувања на она амандмански што ќе се предложи, па ако најдеме можност и да се вгради во овој закон во интерес за спроведување квалитетно на овие пописи.

Таа беше мојата дискусија, со цел да укажам дека навистина, треба малку да бидеме поколегијални и во секој случај да не бараме: "во јајцето влакно". Затоа што тоа е совршено чисто и од него се раѓа нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата).

За збор се јави г-динот Сејфедин Харуни. (Не е тука).

Тогаш кога ќе дојде ќе дискутира.

За збор се јави г-динот Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници што се однесува до Предлог законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ  2001 година, овој закон е еден чекор напред кон демократијата и јас мислам дека е направен целосно.

Што се однесува до дискусијата од г-дата од опозицијата поточно речено од ПДП, јас поддржувам некои нивни излагања, но ги повикувам за она што кажаа дека законот не е добар дека ќе учествуваат со амандмани да се усоврши законот меѓутоа, колку законот да е добар господата од опозицијата во пописот од 1994 год, оставија неколку делови од државата не запишани во пописот, кој беше 1994 год, извршен. На пр. дел од градот Гостивар остана незапишан, градот Дебар остана незапишан и неколку други населени места. Колку да е законот добар во времето на нивното владеење во Заводот за статистика немаше доверба бидејќи тие манипулираа со бројките. Тоа време, во Заводот за статистика треба да имаме личности во кои ќе имаме доверба. Колку и да е демократска оваа власт и колку се труди да донесе демократски закони тоа го покажа во нејзиното владеење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и г-да пратеници. Со оглед на фактот дека имам дефекти во гласот, нема да должам многу, но само сакам да потенцирам дека пред нас е еден многу важен закон со што јас апсолутно не се согласувам со министерот дека нетреба да се политизира, бидејќи пописот ги опфаќа сите граѓани во РМ, сите членови без оглед на партиската припадност, но неможам да бидам рамнодушен, во однос на некои дискусии, во однос на тоа што било порано, односно каков бил законот во 1991 год, и 1994 год. Да не се навраќаме таму каде што неуспеавме, но таму каде што успеавме. Барем звучи според мене догматски, бидејќи поранешниот состав на Собранието и на Владата не успеа 1991 год, ниту успеа во 1994 год. Само да ги потсетам г-дата дека во 1994 год. експертската група на чело со Вагнер Хаук имаше некои забелешки од кои 80% од тие биле заправо и барањата на сите политички партии, тогашни опозициони партии не беа земени предвид од тогашното мнозинство во Собранието. Ете од такви причини сега е пред нас овој закон а исто така, го делам мислењето и на многу пратеници од ПДП, дека објективно, сериозно, без предрасуди да седнеме и да ги расчистиме некои работи, но сакам да им ставам до знаење дека сите закони се последица, односно законите што ги донесува ова Собрание во овој или во било кој состав неможат да бидат спротивно на Уставот, а каков е тој устав ние сите знаеме, впрочем, многумина од претходните дискутанти, биле дел од ова Собрание, односно, избрани во 1990 год, а тие имале прилика да се изјаснат во 1991 година. До колку навистина има расположение, јас не се сомневам во тоа дека има расположение, но кој е патот да се стигне до таа цел, апсолутно мене не ми се бендисува, а посебно не ми се бендисува тој метод и начин што е наметнат од страна на за жал, од пратеници кои се од 1990 год, па во стилот на народната: (кажува на албански) со едно посериозно разрешување, од причина што ние сме сведоци последните 2-3 месеци во обидот за формирање парламентарно мнозинство, остана на парламентарното малцинство, а одредени лидери ги гледавме час во Александар Палас, час на друго место, така што неможам да извлечам заклучок, дека се работи за конструктивна опозиција, односно конструктивни идеи, така што да заклучиме дека во однос на овој закон, сите имаме една цел, што по објективно се регистрира населението во РМ.

Лично се залагам за објективен попис на населението, од причина што нема да оставаме простор за манипулации на било која политичка партија, било од политичките партии што се во позиција или во опозиција, или евентуално новоформираните партии, или партии што ќе се појават во иднина.

Мислам дека претставникот на Владата ќе направи се што по објективно овој предлог на закон што е пред нас да се прецизира и да овозможи што попрецизен и пообјективен попис на населението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници денеска сме сведоци на една расправа за еден многу важен и сложен проект, како што е Законот за попис на населението. Од другите дискутанти беше кажано дека оваа активност не е само чисто статистичка, ниту само економска, туку првосходно е политичка, социолошка, економска па и статистичка активност.

Одтука, пописот на населението е објект на заинтересираност на најважните меѓународни фактори, почнувајќи од ОН, Советот на Европа, Европското биро за статистика и многу други значајни фактори од Европа и светот.

Од успехот на оваа акција, објективноста и точноста на податоците од пописот, зависи политиката на една земја, зависи економскиот развој и општественото планирање во широки размери и обратно, необјективниот и сомнителен попис на населението, секогаш внесува недоверба погрешно проектирање за иднината и проблеми од политичка природа. И тука, со предложениот закон има политика.

РМ спаѓа токму во оваа група на земји, која во минатото не успевала да создаде клима и атмосфера за внесување доверба во пописот и исходот негов.

Одтука не случајно во последните 10 години, составот на населението на РМ е предмет на разни шпекулации и различни проценки зависни од тоа кој ги изнесува тие податоци. Уште полош е фактот што ниту една меѓународна институција, ниту меѓународната јавност не им верува ниту на едни вакви податоци. Значи, ниту на

официјалните ниту на неофицијалните податоци.

Тоа г-да пратеници не е во интерес на РМ и понатаму да продолжи ваквата ситуација на недоверба и сомнеж во однос на структурата на населението. Во однос на структурата на населението напротив, во интерес на државата и сите нејзини граѓани и во корист на меѓународната јавност е да се знае вистинската слика за она што претставува вкупен број на населението во РМ која е и нивната национална, социјална, образовна, верска или било која друга припадност.

Текстот што се нуди остава голем простор на сомнеж и продолжување на ваквата ситуација г-дине Џевдет Насуфи. Тој не прави напор да ги елиминира изборите на недоверба и нејасности. А вие сте предлагач на ваков закон на Владата на РМ и ве поддржувам. Тој не нуди чекор напред од претходните закони, туку не враќа назад, а за ова што го кажувам, вие требаше да ги консултирате претходните закони и тоа да ви биде основа за ваквиот Предлог Закон за попис на населението.

Овој закон и вие директно ќе придонесете Македонија да трпи огромна последица на овој план и Владата свесно ја поддржува практиката на неуспешни пописи во РМ. Ваков закон имавме 1991 год, г-дине Насуфи а вие бевте во тоа време многу грлати во тој однос, ние не го прифативме и не го изгласавме, го бојкотиравме и дојдовме до 1994 год. Тоа беше директната и единствената причина за неуспешниот попис на населението, законот што го предлагаше Владата на РМ од 1991 година. Тој закон предизвика да се повтори пописот, да се измени, и да се вклучи меѓународниот фактор во набљудувањето на сите активности врзани за пописот. Вие и после 7 години, тој меѓународен фактор го исклучивте.

Чудно е како по 7 години, Владата на РМ и по релаксираните меѓуетнички односи на г-дата Џафери и Георгиевски ни нудат проект со кој директно ќе придонесе во натамошното заладување на и онака крајно нарушените меѓунационални односи. На ова прашање, г-дине Насуфи треба да ми одговорите. Најголеми критичари на законот и пописот од 1994 год, беа токму тоа што претходниот дискутант само така на таквите да одговори со ментална гимнастика, а за тоа подоцна ќе се задржам, бевте вие кои денеска сте предлагачи на овој закон т.е претставниците на вашата партија, чиј член сте и вие, ДПА, кој дури и се осмелија да го попречат пописот во неколку западно европски земји со што директно придонесоа да се намали бројот на албанското население во РМ, кое привремено работеше во странство. Тогаш направивте тоа што можевте да го направите и со предложениот закон околу 100 илјади вработени во странство од РМ вие ги исклучивте. Еден од најекспонираните господа кои трчаа низ Западно - европските земји посебно во Швајцарија, а кој се осуди да го ограби пописниот материјал, ние го имаме во списокот на предложени кандидати за заменик министер за образование, твој сопартиец и твој истомисленик господинот Шаип Билали. Зарем е можно една партија како што е ДПА која на локалните избори во 1996 година како мото ја имаше паролата: албански, албански. Може да предлага и да поддржи еден закон со кој се укинува употребата на албанскиот јазик при пописот на населението во Република Македонија. За среќа тие графити уште се по ѕидиштата во Западна Македонија, и на улици и на куќи и на се. Ова не ви пречи? Сигурен сум, правите тренинг, тренажа на политика, поготово вие. Ова покажува дека оваа Влада е далеку полоша и од претходната во која толку дрвја и камења фрлаа токму челниците на ДПА и вие како министер на таа Влада. Гледам, а не верувам. Гледам, а не верувам зарем е можно ова од вас како предлагачи овој предлог закон да ни се нуди. Првата реченица од излагањето на министерот е зборот: имам чест како овластен предлагач од името на Владата да го предложам донесувањето на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија за 2001 година. Каква е оваа чест кога токму со тој закон се укинува употребата на мајчиниот јазик на тој што го предлага законот? Имате чест и тоа голема, педа и жилет да ни предлага ваков закон. Каква е оваа политичка тренажа и гимнастика на некогаш неисплашениот Џевдет Насуфи кој до вчера велеше: албански, албански, а денес пишува само македонски. Затоа ја користам оваа прилика да му ги поставам следните прашања. Дали господине Насуфи, како предлагач и неговата партија се согласува да укине употреба на албанскиот јазик во претстојниот попис на населението.

Второ, дали господинот Насуфи се согласува со фактот да нема ниту еден збор за тоа на кој начин, кога и како ќе се попишува населението надвор од земјата, надвор од Република Македонија.

Трето, дали господинот Насуфи и неговата партија ќе го сметаат за објективен и реален овој попис од 2001 година.

Четврто, дали господинот Насуфи и неговата партија ги сметаат за реални претходните пописи кога населението се попишуваше во многу подобри услови со меѓународна контрола и на мајчин јазик.

Попусти се сите надежи на господинот Насуфи и неговата партија дека народот има кратко памтење. Тој памти, а сигурен сум дека ќе ви возврати. Тој памти и враќа. Ви обрнувам внимание дека ако не се прифатат нашите предлози поднесени во форма на амандмани, или не се одложи донесувањето на овој закон, да се допрецизира и да се дорегулира во интерес на населението на Република Македонија и на таа припадност на која и вие постапите, пописот ќе биде неуспешен, ќе биде уште една фарса и неуспешно спроведена акција. А вие сте актер на овој голем неуспех. Доколку се случи парламентарното мнозинство да се оглуши на овие наши забелешки, ние ќе бидеме принудени господа пратеници да ја напуштиме седницата, а вие донесете го каков што сакате и каков што го имате предложено законот.

Господине претседателе бев малку краток, во друга прилика подолго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам во настапите секоја политичка теза може да се каже без да се навреди никој овде, лично. Да внимаваме да се почитуваме лично сите. Ние во тој поглед сме должни и спрема јавноста.

За реплика се јави господинот Биљал Лутфии.

**БИЉАЛ ЛУТФИИ:**

Апсолутно не сакам да реплицирам во принцип со луѓе кои немаат принципи, но едно сакам да истакнам пред јавноста дека претходниот дискутант воопшто алергичен е на оваа влада, но граѓаните во 1998 година се определиле за оваа Влада, а тој посебно е алергичен на министрите албанци во оваа Влада, па ги нарекува: метар и, не сакам да ги повторувам неговите зборови. Но, ете, што да им правиме, дали ќе се сложи господинот Насуфи да ја промени националната припадност тоа е негово право, што не верувам, а можеби и сум убеден дека сака да гледа во оваа Влада бивши соработници на бившата УДБ чиј член бил и Сејфедин Харуни, не верувам дека такви ќе најде во нашава партија за да ги предлагаме како членови на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас уште еднаш ви обрнувам внимание на тоа, речникот да биде внимателен.

За реплика се јави господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас најмалку сакав да реплицирам со господинот. Меѓутоа, морам нешто да му пренесам. Оваа говорница трпи многу. Господинот колку што сака и колку тој нема поим од работата што ја работи, толку повеќе е поголем експонент на власта. Господинот Биљал Лутфии и во овој случај сака да направи ментална гимнастика за себе. Јас повеќе и нема да реплицирам. Има потреба од тренажа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Илјаз Халими.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, ќе бидам краток во интерес на времето. Јас го поздравувам донесувањето на еден ваков закон кој е многу важен за сите нас, па и за самата држава. Се надевам дека овој пат оваа споредба со поранешните пописи, посебно во 1991 и 1994 година, пописот ќе биде коректен, објективен во кој ќе се опфатат сите граѓани, семејства и сето тоа што е предвидено со закон. Многу важно е да спомнам дека секој граѓанин податоците за пописот ќе ги бара на свој мајчин јазик што е една гаранција за да не се сомнева во постапката на пописот. Факт е дека формуларите ги имаат графите за резидентни граѓани и нерезидентни, па и други графи за национална, верска припадност итн. Битно е дека сите наши граѓани било да се тука во Република Македонија да живеат, или надвор од неа со пописот влегуваат во целокупниот број на населението како граѓани и државјани на Република Македонија. Ако го имаме тоа во предвид дека пописните комисии ќе бидат израз и на националната структура на населението каде се врши пописот, треба да имаме целосна доверба во начинот на извршувањето на пописот па со тоа и на резултатите на пописот.

Се сложувам со некои дискутанти кои спомнаа тука да не ја користат сега приликата се црно да гледаат во овој закон се со цел да профитираат политички поени. Добро е тоа што се води расправа по овој закон да се потенцираат недостатоците ако ги има, но со добра намера и во интерес на целта на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници денес на дневен ред е Предлогот за донесување на Закон за попис на населението, домаќинствата и станови во Република Македонија и би сакал ова да се земе во предвид еднаш засекогаш да се расчисти со ромската манипулација, затоа што првенствено сакам да нагласам дека ние ромите во Република Македонија сме признати како националност и ние сме граѓани како и секој граѓанин во Република Македонија. И токму околу овој попис што ќе биде, пописот што беше во 1991 година и 1994 година, а претходниот пратеник кој беше овде од Партијата за целосна еманципација на ромите, кој гледаше низ прсти и кој гласаше со амин ја правеше работата. Јас тоа нема да го дозволам во овој Парламент да биде така како што било порано. Сега мислам дека тоа се случи. Како прв пример ќе ви го кажам ова, првиот пример е општина Шуто Оризари 14.200.000 гласачи имаат право да гласаат, а жители се водат 17 илјади и нешто. Кажете ми дали тоа е точна работа и барам од Републичкиот завод за статистика веднаш овде да потврдат пред сите пратеници, пред цела македонска јавност. Еден пример давам, ако ги дадам сите примери во Република Македонија, значи нас ромите не кријат под тенџере. Значи со ромската националност се манипулира во Република Македонија со бројката со која постоиме во Република Македонија. Јас минатиот пат тоа го кажав на Комисијата, сега сакам јавноста да знае и бидејќи ќе има попис и сето ова ќе го поддржам и ќе гласам за ова, сакам да биде правилно, да присуствува секаде каде што ќе биде присутен од секоја националност да биде присутен Ром. Сакам во Републичкиот завод за статистика да има вработен Ром и манипулацијата точно за времето на Бранко Црвенковски и на Социјалдемократскиот сојуз имам точно сознанија, човек кој работел таму која манипулација се правеше со ромите и со овие бројки. Како пример ви го давам само Шуто Оризари 14.200.000 гласачи, а 17 илјади и нешто жители. А тоа се 60 и неколку илјади жители во Шуто Оризари. Чиста манипулација. Затоа не би сакал многу да должам, сакам јавноста да знае во Република Македонија не сме ние ништо против за никого и ништо, ние го сакаме она нашето, она што ни следува како секој граѓанин и исправноста што ја сакаме опис и попис да се направи во Република Македонија на жителството без разлика од која националност и кои што се жители во Република Македонија, сакам овој пат многу правилно да се изврши и сакам сите пратеници да ја поддржат оваа работа и вие господине претседателе и министерот тука за да има вработен Ром во Републичкиот завод за статистика да се води сметка и кога ќе се врши пописот да не се врши некоја тортура, да има присутен Ром, нормално сакале или не, затоа што многу големи манипулации се направија за тоа време и не водите под една бројка која апсолутно не постои таква бројка. Еве еден пример ви кажав, ако почнам од Куманово, ако почнам од Велес, ако почнам низ цела Македонија да ви бројам, значи не намаливте знаете колку? Јас не би сакал како Фаик Абди кој викаше 180, 220 илјади роми, но си ја барам правата состојба колку ќе бидат, толку, онаа исправноста. Манипулација мислам дека оваа власт нема да направи. Верувам и ќе го поддржам овој закон и сакам ова да го земете во предвид, министерот ова да го земе во предвид, значи и Парламентот и пратениците и претседателот на Собранието и претседателот на Комисијата да се земе во предвид да биде вработен Ром во Републичкиот завод за статистика и во комисиите кои ќе бидат од сите националности, да има роми, да не ги заборавите ромите, затоа што на тоа многу ќе се спротивставам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас се извинувам господине претседателе пред малку сакав да реплицирам, за момент ми се смачи, но по се изгледа немам речник за безобразлук. Затоа сакам да држам ниво, чувај ме господе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сакам само неколку секвенции од тоа што е излагање и апел на министерот за спроведување и успешно завршување на пописот и да го изнесам моето различно мислење по однос на тоа што се изнесе. Мислам дека не држат апелите да не се политизира ова прашање од причина што тоа што се нуди е генератор на политички несогласувања тука во Парламентот и надвор од него. Ние треба да внимаваме да не продуцираме акти со кои ќе внесеме недоразбирање и политичка тензија кај граѓаните. Ако со еден проект се укинува едно природно право, право гарантирано со Устав да не може граѓанинот да се попишува

на свој јазик, пописните материјали да бидат на мајчин јазик, тогаш не очекувајте дека тоа ќе помине тек така, не очекувајте дека населението ќе остане рамнодушно и не очекувајте дека тоа прашаше може да се надмине така. Не се согласувам дека тоа е дневна политичка потреба и дека прашањето на потребата на јазикот се става во дневна политика. Напротив положбата и статусот на албанскиот јазик во Македонија е круцијално прашање и програмска определба на секоја политичка партија на албанците во Република Македонија. Друго е што во моментот како сплет на околности и однос на политички сили се може едно, не се може друго, но да се оди ретроградно навистина е неприфатливо и не може да се оценува од дневно - политички аспект. Не можам да разберам човек кој го чита законот и гледа дека се укинува таква одредба, а тврди дека законот е подобар, не можам да разберам пратеник потпретседател на Собрание чита и гледа дека при овој попис нема да има меѓународна контрола и во спроведувањето на пописот и во обработката на податоците, а априори суди и тврди дека овој попис ќе бил пообјективен. Во тој случај како во 1991 година, како во 1994 година упорно тврдевме дека и овие пописи ќе бидат нереални и необјективни, неточни, додека сега во далеку многу полоши услови априори тврдиме дека ќе бидат успешни, или само заради фактот што сме на власт. И од тука со индигнација ги отфрлувам сите упатени "критики" за некаква лојалност кон некаква политичка провиниенција на нашата пратеничка група и нашата партија која упорно и ден денеска и тука и сега го слушаме од некои господа, а самите се во ситуација нелојално, туку сервилно да и служат на една влада која директно им ја укинува одредбата со која им се гарантира право на употреба на албанскиот јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Благодарам г-дине претседателе, противник сум на начинот објекти на нашата расправа да бидат личностите и поединците или нивните карактери и т.н. Сметам дека ние треба да се посветиме на ова што е суштина на дневниот ред, а ова е многу јасно.

Искрено, јас барам од противниците на ваквите предлози што ги предлага пратеничката група ПДП зошто мислат дека не треба да се прифатат вакви предлози, од причина што вакви предлози се многу јасни.

Имено, членот 5, точката 2 предвидува значи одделни поими што се употребени во овој закон го имаат следното значење:

Едно, под 2, вкупно население на Република Македонија ќе се смета населението попишано по основ на членот 6 .

Еден, два, три, четири и завршува.

Да видиме точка 1, 2 , 3 и 4.

Точка 1 кажува дека лицата кои имаат официјално место на живеење во РМ, без оглед на тоа каде се наоѓале во време на попишувањето.

Точка 2, странците кои имаат одобрен престој во РМ, ако престојуваат најмалку 12 месеци, односно една година.

Точка 3, лицата кои имаат официјално, легално место на живеење во РМ, меѓутоа најдолго 12 месеци пред попишувањето се наоѓаат во странство.

Со тоа следува наредната точка.

Точката 4, лицата кои имаат официјално место на живеење во РМ, меѓутоа се испратени во КДП или пак во меѓународните организации каде членува нашата држава или пак во рамките на спогодби за техничка и научна соработка, школување итн. Со тоа завршува.

Останува точката 6. Значи, за вкупно население нема да се опфати, точката 6, државјани на РМ кои во време на пописот се отсутни повеќе од 12 месеци.

Ова сакам да се објасни, бидејќи се работи, ако пописот има развојна компонента, ако има аналитички карактер, ако со пописот се дефинираат развојни проекти или пак ако пописот има за цел креирање на макро -економската политика, се поставува прашањето зошто овие граѓани односно државјани на РМ се исклучуваат од категоријата вкупно население на РМ? Тие, веќе спомнав, ако има, попишувањето првенствено развојно економски карактер, а тие луѓе и те како придонесуваат за развој на нашата економија, со девизи, инвестициите ја градат и најмалку се работи за една бројка од околу 100 илјади луѓе кои на Македонија и даваат најмалку годишно 10 милиони долари. Зар ова не би требало да се опфати во развојната компонента?

Јас не сум да се попишува секој кој е државјанин на РМ. Меѓутоа ефективно не е поврзан. Мора да се договориме како ќе напишеме во законот. А ефективната поврзаност претпоставува дека тој има

семејство, дека има куќа, стан, недвижен имот, плаќа данок. Поседува патна исправа со која патува и се враќа, има државјанство на оваа држава, ја смета за татковина итн. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Илјаз Халими бара реплика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Една мала реплика, сакам накратко да му одговорам, точно е тоа дека 1991 и 1994 година ние баравме да имаме меѓународна контрола во време на пописите. Сега сметаме дека не ни треба меѓународна контрола, затоа што сега сме ние на власт и ние ќе успеваме да контролираме како ќе се врши пописот. Значи, тогаш ние немавме доверба кон партиите што беа на власт по повод извршувањето на пописот. Благодарам.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара збор за реплика).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате реплика, не, не сте спомнат.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара збор процедурално).

По редоследот, за збор се јави г-динот Љатиф Пајковски.

После ќе добиете збор.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-дине министер, колеги пратеници, сакам да го искажам сопственото мислење околу предложениот закон за попис на населението и веднаш да кажам дека вака предложениот текст на законот ќе го подржам и ќе гласам за, од следните причини:

Прво, сметам дека овој предложен текст на законот нуди многу по квалитетни решенија од оние што беа предвидени во досегашниот закон и сметам дека ваквиот закон гарантира постигнување на целта на спроведувањето на пописот, а целта, да не заборавиме, е утврдување на вистински и точни податоци како за населението, така и на имотите и добрата на граѓаните.

Секако, ќе застанам во поддршка и на одредени предложени амандмани, без разлика од кои пратеници доаѓаат, што се во функција на подобрување на текстот на законот. Особено, тука би сакал да напомнам дека органите задолжени за спроведување на законот треба да водат сметка, особено при изборот и составувањето на пописните комисии, како и попишувачите во поодредени населени места. Притоа тука беше исфрлена една теза дека треба да се гледа составот на попишувачите да биде од оние граѓани како се чувствуваат, а не на која националност или на кој народ припаѓаат, што сметам дека воопшто не треба да биде таква ориентација, затоа што сметам дека од исклучителна важност на овој попис ќе биде утврдување точни податоци на припадниците на македонскиот народ и припадниците на националните малцинства кои живеат во Република Македонија. Меѓутоа, утврдување на точни бројки.

Мислам дека во таа насока оваа Влада направи драстичен чекор напред и се гледа дека целта е во утврдувањето на токму такви точни бројки. Мислам дека треба да се има предвид припадноста на луѓето кои треба да бидат именувани во пописните комисии и како попишувачи, а не тоа што во определен момент, заради влијание на одредени политички структури се определуваат дека припаѓаат на оваа или на онаа групација. Затоа што државните органи располагаат со веродостојни податоци и всушност знаат кој човек каде припаѓа.

Во изминатиот попис, и во 1991 и во 1994 година, нам заради тие верско - политички влијанија ни се случуваа апсурдни податоци. Така што се случуваше одреден граѓанин кој беше попишан да се декларира како припадник на одредена националност, а со мајчин јазик што припаѓа на сосема друга националност, што сметам дека не ставаше во ситуација да располагаме со неточни податоци. Овој закон, колку што јас успеав да го прочитам, нуди поголема гаранција во отстранување на тие недостатоци. Заради овие причини ќе гласам за овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине претседателе, би сакал на претходната моја дискусија да се надоврзам и лично до министерот сакам да се обратам, видете, затоа што овој закон што сакаме да го донесеме, за попис, токму е под министерот за правда, под влијание на министерот за правда и бидејќи претходно ги кажав направените големи грешки што се направени и мислам дека министерот треба да го преземе ова и да се запише таму дека 17 илјади и нешто жители само во една општина се, а 14.200 се гласачи, тоа е злоупотреба и мислам дека треба некој да ја превземе оваа одговорност.

Бидејќи од Парламентот не можеме да ја побараме оставката, преку Владата,

Владата ги именува тие директори, кои се таму во Статистика и таму кои се вработени и директорот на Статистика, мислам дека е Светлана директор, не ја гледам овде присутна, пред половина час беше присутна овде, значи голема грешка е направена и таа грешка се плаќа скапо. Тоа е еден голем долг, голема работа, долг што апсолутно тешко ќе се исправи со оваа Влада, со оваа власт. Вие како сакате сфатете го, меѓутоа се работи за една националност, која е направена една голема манипулација и треба да си ја преземе одговорноста. Мислам дека министерот ќе треба за таквите да си ги исчисти од таму, тој корен да го исчисти. Оваа Влада треба да знае нормално, стариот корен да не никне повово и повово да се случи овде да расправаме повово за такви работи. Лично, не само од оваа структура и од други структури, не би сакал сега, кога ќе дојде на домет, на разговор во парламентот и други работи кога ќе дојдат, ќе отворам дискусија околу тоа.

Лично се обраќам до министерот, голема злоупотреба е направена на ромската националност. Кога е направена на ромската националност, тогаш е направена и на другите националности и на други граѓани, без разлика од која националност и вероисповест.

Затоа би требало тој корен да се исчисти од таму, затоа што ако мислиме пописот да биде исправен и да не бараме никакви надворешни комисии, го подржувам потпретседателот на парламентот со неговото излагање дека не треба надворешни комисии, се согласувам со тоа, меѓутоа прво да ги исчистиме овие вработени што таму ги има, кои правеле манипулации, тие манипулации да не постојат, затоа што, сфатете, тоа е голема манипулација, одземање и на право на глас, на гласање и на други работи, на се.

Затоа, не би сакал многу да давам, мислам дека министерот ќе го преземе ова во предвид, затоа што не можам во писмено, како пратеник да го поднесам ова за оставка, не е министер, туку е под Министерството за правда, значи под Владата, Владата ги наименува и мислам дека министерот многу фино ќе си го спроведе ова и пописот дека би требал да биде како што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИК ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, сакам само да набројам до сега шесте изведени пописи во Република Македонија. Во сите изведени пописи на домаќинствата на становите, на домовите, на граѓаните на Република Македонија не се случувало досега формуларите да не бидат на албански јазик. Прв пат оваа година, доколку се прифати предложениот закон, 2001 година ќе биде прва за попис на населението каде што формуларите ќе бидат единствено на македонски јазик со ДПА напред.

Меѓутоа, сакам да изнесам некоја друга работа. Не се работи за неприспособеноста на поединци за промените што ги носи времето, туку се работи за патологија на нормалноста, т.е. за субституција на редот и поредокот со општ хаос. А, некои господа да ги замени доказите со тафтологии, тоа е верба само во лична фикција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам г-дине претседателе, имено, сакам да коментирам дадена изјава од претходен дискутант, претпоследниот кој што, со една изјава, мислам дека не точно дадена, најлесно кажано, значи, со која што мислам дека се зададе еден удар на државните органи и на нас како држава. Затоа очекував да реагира некој од владината коалиција, меѓутоа веројатно не го запазиле, па јас ќе реагирам, поради следното:

Имено, еден учесник во дебатата кажа државните органи знаат точно кој каде припаѓа. Кога елаборираше за потребата од набљудување или следење на самиот попис и поради некакви манипулации од некакви политички побуди и струи.

Мислам дека тоа не може да биде точно, не знам дали е точно, не треба да биде точно, затоа што ако органите претходно знаат точно кој каде припаѓа, тогаш нема потреба од попис. Ако има потреба од попис, во најмала рака, не би имало потреба за графата национална припадност.

Господа колеги, јас мислам дека државата ќе знае точно кој каде припаѓа после сечие индивидуално и слободно изјавување, како елементарно право на сите граѓани. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Почитуван г-дине министер, дами и господа пратеници, наместо да се грижиме за тоа што да направиме во насока да имаме

подобар закон, по квалитетен закон да понудиме на граѓаните и да се поправат тие големи грешки што ги направија претходните и кои се главни виновници за сета таа работа, но гледам дека тука не е моментот, режисерот и сценаристот на една таква добра подготовка, но затоа се актерите тука и мислам точно патронски поставуваат таа линија на која им е одредено. Точно однапред што да кажуваат, што да зборуваат и со што да се наметнуваат со граѓаните со нивните паушални говори кои, повторно велам, не нудат тоа што треба сега да се нуди во моментот.

Уште пред да почне амандманската расправа, некои тука, слушнавме сите, да вели дека некој не одбива. Ние сме сите сведоци дека таа расправа уште не почнала и уште не се знае што се ќе прифати почитуваниот министер кој, мислам има цврста доблест, за разлика од многуте претходни дискутанти од опозицијата. И, се случува во последно време во овој теснец, луѓето, односно колегите пратеници, тие кои доаѓаат од најнеморалните редови, да ни продаваат лекции по моралот, тие кои ги измамиле своите деца тука да ни кажуваат и да ни делат лекции што треба ние и како треба ние да мислиме за законите, затоа што е во добробит на сите граѓани на РМ, а посебно бидејќи се зборува за албанската опозиција тука и за албанците.

За да не останат овие господа безлични, а со тоа и безимени и понатаму, прво, треба да му се извинат на албанското население за една голема измама што беше направена, не само во 1991 год, кога се донесе Уставот на РМ, туку и понатаму во 1994 год, кога имавме еден вонреден попис. Тука не беа причините на измама, неправилностите, туку намерните работи што беа направени во лабораториите на г-дата режисери, сценаристи што моментно некаде не прислушуваат надвор од оваа сала, не се тука присутни. Јас не го употребив изразот гласноговорници, бидејќи не ги сметам за толку способни, за да ја вршат таа работа, но за актери на една драма која тек треба да се случи, тоа е точно. Мислам дека овие г-да уште еднаш ги повикувам ако имаат малку доблест да му се обратат на народот, не да делат тука лекции за тоа што сами се виновни. За разлика од претходната власт во оваа власт една работа е јасна и многу транспарентна. До вчера ние бевме сведоци на многу нешта тука, на едни договорувања на двор од овие сали, но тука солејќи памет за тоа што и како треба да се направат некои работи. Мислам едно се говореше, а друго се правеше. Тоа е логика стара но сеуште во менталниов склоп на таквите уште употреблива и мислам тоа ако не се запре, а мислам за тоа ќе покажат и наредните избори, ќе оди до бескрај. Но, мислам дека такво нешто ќе се сопира и таквите сопки повеќе нема да му се изнудат на народот со едни, две или три научени добро на памет фрази патриотски, а патриотизмот многу добро знаеме, дека не лежи ниту малку кај одделни претходни дискутанти од опозицијата, токму од ПДП, бидејќи многумина од нивната партија веќе не ги прифаќа, ниту се пак со нивните ставови од времето кога, еве, сме сведоци дека се враќаат и одпишаните во нивните редови. Па, затоа, јас ги молам што помалку да имаме прилив, демагошки прилив на зборови, на празни зборови и повеќе да се залагаме да имаме еден добар закон кој ќе нуди на некој начин една подобра перспектива, тргнувајќи токму од зборовите на почитуваниот министер за правда, г-дин Џевдет Насуфи, и тука, ве молам, тука е мошне битно да се достигне еден степен, тука сакам да цитирам уште еднаш, за да им се појаснуваат некои работи, на концензус по сите прашања. При тоа, пописот како статистичка акција од големо државно значење да не се политизира. Со тоа не треба да се става во функција на дневната политика, ниту пак партиите на опозицијата, се со цел да се овозможи успешно спроведување на оваа масовна статистичка акција и обезбедување на огромен фонд на статистички податоци за понатамошен наш развој. Мислам дека токму заради оваа цел г-динот министер го има кажано ова, знаејќи ги доволно приликите што им се наметнуваат на ова Собрание, на граѓаните и на целокупната јавност, мислам дека со максимална политизација на овие проблеми од страна на дел од опозицијата т.е. од албанската опозиција ПДП, да се дојде до целта, да се постигне таа цел и на тој начин мислам да и се помогне и на македонската опозиција т.е. СДСМ, да се задоволуваат нивните ставови. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Имам само една интервенција, сакам да помогнам и да ве потсетам г-дине претседателе дека на дневен ред е закон. Вие дозволувате тука да се дискутира за пратениците на партијата на ПДП, а не и за законот. Јас уште еднаш ве молам да се придржиме на дневниот ред. Ако

дискутираме за ВМРО, за Амди Бајрам итн. тоа да го направиме и тоа да го утврдиме како дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-динот Абдурахман Алити е во право и јас го молам со своите колеги исто да постигне согласност, а и другите да си постигнат по групите.

За реплика се јави г-динот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Е, пак сега, кој прв почна, мислам јас се залагав точно за законот и барав за законот да се расправа. Министерот зборуваше за законот, а тука беа спомнати имиња кои не се внатре во салата. Мислам дека нема смисла за такви работи. Јас, барем неспомнав имиња ако треба ќе почнеме и со имиња, нема проблем и не сум против тоа. Ајде да почнеме еднаш да размислуваме за законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молбата е на г-динот Абдурахман Алити и ве молам сите вас, а и од нивната пратеничка група луѓето да внимаваат кога зборуваат да не зборуваат за тоа кој колку сантими е висок или незнам што, туку да се концентрираме на законот. Највнимателно гледам да ја водам седницата, да не предизвикам непотребни интервенции, враќање итн., меѓутоа, тоа е коректноста на секого од овде. Ве молам, да се придржуваме на оваа работа.

Г-динот Амди Бајрам уште еднаш бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Пошто бев спомнат јас не реплицирам на г-динот Алити, туку Собранието и јавноста да знае, без разлика можеби ме спомна мене јас лично на ниедна партија не се обратив, не се обратив на никој да напаѓам тука, туку се обратив со мојата дискусија најнормално, она што ми следува како една националност и околу пописот и се обратив лично на министерот да гоземе предвид за вработените кои се таму и нормално кои имаат направена голема грешка и да си ја сносат својата одговорност. Тоа е тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, јас немав намера да реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, г-динот Харуни немал намера да реплицира. Одиме натаму.

За збор се јави г-динот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници, очигледно е дека ние денеска расправаме за важен закон, меѓутоа, тоа незначи дека сите треба да се сложиме дека овој закон е вреден или пак многу е... кој ја опишува целата ситуација во врска со пописот на населението односно домаќинствата. Од ова се гледа јасно дека позицијата незема многу за право да зборува во врска со понудениот текст односно законот од нивниот предлагач, т.е. министерот за правда односно нивната Влада. Меѓутоа, не треба да им се даде многу за право и да зборуваат дека односно да се лутат на тоа што опозицијата не се сложува со решенијата кои ги нуди овој закон. За жал, како што гледате само партијата за Демократски просперитет е опозиција во овие клупи, бидејќи одредени други наши колеги не присуствуваат на овој состанок. Па, затоа, морам да го изнесам моето мнение во врска со овој закон. ПДП не е против пописот на населението односно домаќинствата и движниот односно недвижниот имот, бидејќи свесни сме за тоа што значи попис на население односно на имотот на нашите граѓани. Меѓутоа, мора една реалност да ја пренесеме овде пред нашата јавност дека не се сложуваме со тоа пописот на населението да се прави само на македонски јазик. Бидејќи, тоа е спротивно и на Уставот на РМ, спротивно е и на сите други закони, поради тоа што Македонија е мултинационална држава и мислам дека ако се сложиме, а треба да се сложиме, пописот на населението е еден солиден чин односно акт кој на сите треба да му се радуваме, оти тој не се случува секој месец, тој се случува, мислам пописот се прави секоја една декада, а тоа значи секој после 10 години.

Мораме, не заради пратениците од мнозинството, од коалицијата, меѓутоа поради јавноста, бидејќи ако нудиме наши решенија тоа незначи дека сме против законот. А, за тоа сите сме свесни дека еден попис, последниот, односно во 1991 година, беше неуспешен. Но, зошто тогаш дозволивме со меѓународниот фактор да имаме повторен упис на населението, така што докажавме односно покажавме дека небевме спремни и дозволивме другите односно однадвор да не учат дека пописот на населението е свечен чин. Дозволивме да

се врши упис на населението во 1994 година. Мене ми е жал што одредени колеги не расправаат за законот, меѓутоа, повеќе како да им пречат нивните колеги пратеници од ПДП, а заборавaат на тоа дека и до вчера беа нај грлатите во нашите редови на ПДП, кои ја критикуваа партијата кои денеска зборуваат во името на таа партија. Меѓутоа, народната поговорка вели "рани куче да те лае". Благодарам за трпението.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Благодарам и за овој прилог.

Г-дин Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседател, г-дине министер, дами и г-да, колеги, јас би сакал сосема бегло да дадам еден свој прилог во општата расправа за законот. Најнапред, пописите се вршат во глобалната цивилизација денеска во ритам од една декада, т.е. секоја 10-та година и тоа е санкционирано со соодветни документи и при ОН. Нашата држава има намера да одговори на поставената задача, поточно на преземената задача. Токму затоа ние го носиме овој закон сега. Може да се спори дали било упатено тоа да се случи еден или два месеци порано, евентуално и пола година порано, но тоа нема да не одведе понатаму. Точката на дневен ред е таа и ние го обработуваме ова прашање по итна постапка. Надлежниот институт за спроведување на ваква опсежна акција, тоа е државниот институт за статистика, поточно Завод, секако дека располага со доволно кадар и со доволна екипираност и материјални средства. Исто така, тој Завод покажа во минатото дека успешно може да се носи со слични потфати. А, јас само би потсетил дека оваа година на два пати се добиени потврди или сертификати од ЕУРОСТАРТ, тоа е Заводот за статистика при ЕУ. Ние неможеме однапред, сеејќи магла да ставаме знаци на прашалник или на различно несогласување дека оваа акција ќе биде успешна или без било каков успех.

По однос на пописот од 1991 год, тој беше и тогаш успешен. Но, независно од тоа беше на гласен начин или на соодветен начин покажано несогласување. Државната власт овде во РМ и на мое тогашно противење се реши на дополнителен попис во 1994 година, и под спонзорство, но не целосно бележени пари народни отидоа за тој повторен попис во 1994 година. И, што излезе по него? Резултатите беа идентични како и при пописот од 1991 година. Но верификацијата на Советот на Европа стоеше и тие статистички показатели не се спорат. Не сметам дека и за пописот во 2001 година не ќе може утре да се дигне толку многу врева, па евентуално да има потреба пак да се повтори. Но, јас барем, сметам дека надлежната инстанца, тоа е Заводот за статистика ќе успее со оваа задача да се справи сосема солидно.

Стандардите кои се применуваат при пописот согласно на овој документ на овој законски акт што ние тука го носиме, не се ниски, не се слави. Тие стандарди се повисоки од стандардите што се применети во нашето соседство. Околу тоа никој не се осврнува. Но независно од тоа, исто така, можеме да кажеме дека стандардите пак не се послаби од тие што беа при пописите од 1994 година.

Јас, изразувајќи своја поддршка за овој предлог би завршил со тоа дека е многу корисно час поскоро и законот да го донесеме т.е. денеска по можност оваа акција да може да тече на наредниот ден. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-динот Амди Бајрам се јавува за реплика.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, јас се согласувам со претходниот дискутант туку не се согласувам со едно. Искажа некои работи од 1991 и од 1994 година, дека било многу регуларно, а јас кажувам нерегуларни работи, што е навистина направено со докази. Затоа барам тие луѓе да се сменат и да одговараат за таа работа. Значи, работата не е во ред. Работата не била во ред а сега тоа го кажувам, за да биде во ред работата и да нема такви работи направени, што велат, под маса народот да се стави и да не постои никаде. Јас се сложувам, ја поддржувам дискусијата и се што се кажа, тоа е се во ред, но во 1991 и 1994 год., е манипулација направено со ромската националност. Тоа докажува дека работата не е во ред. Ако една националност најавува, истражете, еве има министер, и имате комисии, имате се, земете од статистика и видете дали ова што јас овде го истакнувам во Парламентов, дали е точно. Значи, не е во ред, не било во ред. Повторно го демантирам дека работата не е во ред. Сега, барам работата да биде во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собраниетому предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија за 2001 година.

Ве молам нека дојдат пратениците за да можеме да извршиме гласање.

Молам сите пратеници да влезат во салата да можеме да гласаме.

Молам пратениците да си седнат на своите места. Ве молам да гласаме.

Од вкупно 69 пратеници, 64 гласале, од кои 62 гласале за, никој не гласал воздржано , двајца гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дало Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Од вкупно 69 пратеници, 63 гласале, од кои 60 гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 4 став 4, член 5 точка 5, член 12 алинеја 1, член 15 за преформулирање на став 2, член 18 алинеја 4, член 11, член 25 алинеја 1, член 30 став 1, член 31 став 3, член 39 за заменување на местата на ставовите 3 и 4, член 55 став 3, член 58 алинеја 5, член 59 и на член 60.

Пратениците Мерсел Билали, Насер Зибери и Исмет Рамадани, поднесоа амандмани на член 5 став 1 точка 2 и на член 51 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Билали, Насер Зибери и Исмет Рамадани, го повлекоа амандманот 2 на член 51 став 1, поднесен под број 07-338/2.

Пратениците Мерсел Билали, Насер Зибери и Исмет Рамадани, поднесоа амандман на член 51 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Фадил Бајрами, Сејфедин Харуни, Азис Положани и Оломан Сулејмани се приклучија кон амандманот на член 51 став 1, поднесен од пратениците Мерсел Билали, Насер Зибери и Исмет Рамадани.

Пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани и Оломан Сулејмани, поднесоа амандман за додавање нов наслов 5-а по членот 35 и нов член 35-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓулистана Марковска, поднесе амандман на член 25 за менување на алинеја 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски, поднесоа амандмани на член 17 алинеја 12, член 18 за бришење на алинеја 10 и на алинеите 11, 12, член 25 алинеја 1 и за додавање три нови алинеи по алинејата 5, член 26 став 2, член 30 став 1, член 31 став 1 и за додавање нов став 2 и на член 31 став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Господинот Краљевски сака процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Претседателе во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлагам денеска да ја прекинеме седницата заради дополнително усогласување на ставовите по однос на некои поднесени амандмани како и дополнително мислење од Министерството за финансии за некои амандмани што веќе ги поднесовме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, ќе ја прекинеме, утре ќе закажеме кога ќе ја продолжиме, најверојатно за во вторник.

Притиснете на едно од копчињата за да утврдиме точен број на присутни пратеници на крајот од седницата.

(Седницата прекина со работа во 18,25 часот).